# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА И УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ ОПЕРСКО СТУДИО И СЦЕНСКИ ДВИЖЕЊА НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1402-127/9 од 16.12.2015 година донесена на 13. седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија, одржана на 16.12.2015 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звања доцент за наставно-научната и уметничка област оперско студио и сценски движења на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниот состав:

– м-р Борис Трајанов, редовен професор на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна и уметничка област вокално пеење – претседател;
– м-р Славица Петровска-Галиќ, вонреден професор на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, наставно-научна и уметничка област соло пеење – член;
– д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, вонреден професор на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област музикологија – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 4.12.2015 година и во предвидениот рок се пријавил само кандидатот м-р Дејан Прошев, хонорарно ангажиран како стручњак од пракса (вработен како прв асистент режисер во НУ Македонска опера и балет) на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Р. Македонија.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија му го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Дејан Прошев** е роден на 17 септември 1979 година во Скопје. Своето музичко образование го започнува во нижото музичко училиште ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ на пијано, каде што го продолжува своето средно образование и матурира на отсекот Соло пеење, во класата на проф. Марија Николовска. Во 1998/1999 кандидатот се запишува на Вокалниот факултет на НМА „Панчо Владигеров“ во Софија, Р.Бугарија. Во предвидениот рок, во 2002 год. дипломира, а веќе наредната година магистрира на оперско пеење во класата на реномираниот соло пејач, баритон проф. Нико Исаков. Во 2012 год. кандидатот магистрира на музичко-сценска режија на НМА „Панчо Владигеров“ во класата на проф. Павел Герџиков и се стекнува со звањето магистер по музичко-сценска режија.

Своето професионално искуство, кандидатот м-р Дејан Прошев го започнува во 2005 година како хонорарно ангажиран асистент режисер, а потоа и како редовно вработен во Националната установа Македонска опера и балет (НУ МОБ). Во јуни 2008 година е назначен за уметнички директор на Операта, од декември 2010 до декември 2014 година е директор на НУ Македонска опера и балет, а потоа до ноември 2015 е в.д. директор на истата установа. Во моментов работи како прв асистент режисер во Македонската опера и балет.

Од учебната 2012/2013 кандидатот м-р Дејан Прошев е хонорарно ангажиран како стручњак од пракса, предавач по предметот Оперско студио на Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија при УГД – Штип.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во наставно-научно и уметничко звање насловен доцент од областа на музичката уметност по стручно-уметнички предмети***

- Диплома за завршено соодветно високо образование од втор степен музички уметности (магистер по музичко-сценска режија).
- Просек од најмалку 8, како просечна вредност на студиите на прв и втор циклус (9,24).
- Изведба на пет целовечерни концерти/ музичко-сценски режии (во земјава или во странство).

| Бр. | Автор / изведувач | Наслов на трудот/ вид на музички настан | Повод | Место и датум на изведба |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Д.Прошев, режија | Целовечерен оперски концерт | Јубилеј 30 години уметничка дејност на нац. уметник Борис Трајанов, | Салон на МОБ, 24.12.2015 г. |
| 2. | Д.Прошев, режија | Целовечерен оперски концерт | „Белини фестивал“ во Сицилија, Италија | Teatro Antico Taormina 12.9.2015 г. |
| 3. | Д.Прошев, режија | Оперска претстава „Турандот“ - Џ.Пучини | Летен музички фестивал во Диано Марина, Италија | Parco Villa Scarsella 21.8.2015 г. |
| 4. | Д.Прошев, режија | Оперска претстава „Адријана Лекуврер“- Ф.Чилеа | Варненско лето, Р.Бугарија | Летен театар во Варна 21.7.2015 г. |
| 5. | Д.Прошев, режија | Оперска претстава „Андреа Шение“ - У.Џордано | Редовен репертоар на сцената на операта во Осака, Јапонија | Кансаи Никикаи опера театар 27.6 2015 г. |
| 6. | Д.Прошев, режија | Оперска претстава „Травијата“ - Џ.Верди | Летен музички фестивал Фиренца, Италија | Villa Bardini, 18.7.2014 г. |
| 7. | Д.Прошев, режија | Оперска претстава „Тоска“ - Џ.Пучини | Редовен репертоар на Операта на Народно позориште во Белград, Р.Србија | Народно позориште - Белград, 2.4.2014 г. |
| 8. | Д.Прошев, режија | Оперска претстава „Аида“ - Џ.Верди, | Мајски оперски вечери | Салон на МОБ„ 31.5.2007 г. |
| 9. | Д.Прошев, режија | Оперска претстава „Трубадур“ - Џ.Верди | Репертоар на Македонска опера и балет | Салон на МОБ, 9.2.2007 г. |

- Покажува способност за изведување на разни видови на високообразовна дејност.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Од 2013 година до денес кандидатот м-р Дејан Прошев е хонорарно ангажиран како стручњак од практиката на Музичката академија при УГД - Штип, на вокално инструменталниот оддел, катедрата за вокално пеење по предметите: Оперско студио во трета и четврта година. За стекнување поголемо практично искуство во наставата м-р Дејан Прошев со студентите работи во просториите (голема сцена, мала сцена, голема и мала балетска сала) на НУ Македонска опера и балет. Со ваквиот пристап кон наставните содржини на предметите што ги предава кандидатот, студентите имаат можност за професионална надградба, а доказ за тоа е настапот на двајца студенти од Катедрата по вокално пеење на проф. м-р Борис Трајанов, кои со голем успех настапија во премиерата на оперската претстава „Магбет“ од Џ.Верди на реномираниот меѓународен фестивал Мајски оперски вечери.

Од 2005 до 2008 година, кандидатот м-р Дејан Прошев ги одржува сите оперски претстави од тековниот репертоар на НУ Македонска опера, а воедно работи како асистент на сите режисери на оперските премиери во МОБ.

***Стручно уметнички активности***

Како што може да се види од приложената документација, кандидатот м-р Дејан Прошев подолго време активно работи во полето на музичко-сценската режија. Особено се истакнува како оперски режисер со поставување на оперски дела на сцената на македонската опера, како и на признати и афирмирани оперски и музички сцени во странство. За неговиот континуиран растеж во полето на оперската уметност говори податокот дека неговата режиска постановка на операта „Тоска“ на репертоарот на Белградската опера е прогласена за настан на година. Во продолжение следи преглед на активностите.

***Уметничка дејност – режисер***

1. „На Македонија со љубов“, целовечерен концерт по повод одбележување 30 години уметничка дејност на националниот уметник Борис Трајанов, Македонска опера и балет, декември 2015 г.
2. Целовечерен оперски концерт на „Белини фестивал“ во Teatro Antico Taormina, Италија, септември 2015 г.
3. „Турандот“ од Џ.Пучини, оперска претстава поставена на Parco Villa Scarsella, Италија, август 2015 г.
4. „Адријана Лекуврер“ од Ф. Чилеа, оперска претстава поставена на сцената на Варненската опера, Р. Бугарија, 21 јули и 6 октомври 2015 г.
5. „Адријана Лекуврер“ од Ф.Чилеа, оперска претстава поставена на сцената на Софиската национална опера, Р. Бугарија, 16 октомври 2015 г.
6. „Андреа Шение“ од У. Џордано, оперска претстава поставена на сцената во Осака, Јапонија, 27 и 28 јуни 2015 г.
7. Целовечерен Новогодишен концерт на операта и балетот на НУ МОБ, Салон на МНТ, јануари 2015 г.
8. „Травијата“ од Џ.Верди, оперска претстава поставена на сцената во Villa Bardini, Фиренца, Италија, јули 2014 г.
9. „Тоска“ од Џ.Пучини, оперска претстава поставена на сцената на Народно позориште во Белград, Р.Србија, на редовниот репертоар, претстава која е прогласена за настан на годината, 2014 г.
10. „Лучија ди Ламермур“ од Г.Доницети, оперска претстава обнова на сцената на Македонската опера и балет, февруари 2008 г.
11. „Аида“ од Џ. Верди, оперска претстава поставена за затворањето на 35. Мајски оперски вечери на сцената на Македонската опера и балет, од 2007 до 2015 г.
12. „Трубадур“ од Џ. Верди, оперска претстава поставена на сцената Македонската опера и балет; февруари 2007 г. и декември 2008 г.
13. Ја пренесува режијата на операта „Волшебната флејта“ од В.А.Моцарт на режисерката Ангела Цабрас (Австрија) на сцената на Националната опера во Тирана, Р. Албанија, јуни 2006 г.
14. Асс. режисер на претставата „Дон Паскуале“ од Г.Доницети во Битолската опера, 2005 г.

***Уметничка дејност (оперски солист - баритон)***

15. Премиера на операта „Посетата на старата дама“ од Г. Фон Ајнем во улогата Докторот на сцената на МОБ, 2004 г.
16. Премиера на операта „Таен брак“ од Д.Чимароза во улогата на Гроф Робинсон на сцената на МОБ, 2004 г.
17. Премиера на првата бугарска рок опера „Прикаска за светлината“ на сцената на Националниот музички театар во Софија, Р. Бугарија, 2003 г.
18. Премиера на детската фантастика – операта „Светулката“ од В.Чучков на сцената на Софиската национална опера и балет, Р. Бугарија, 2002 г.

***Учество на семинари и симпозиуми***

19. CEI - Symposium “Opera Houses and Music Festivals in Central and Eastern Europe” – Трст, Италија; 2014 г.

20. Панел дискусија на Првата меѓународна конференција во Скопје по повод годишниците од смртта на Џ.Верди и Р.Вагнер, 2013 г.

Врз основа на наведените активности се изведува заклучок дека м-р Дејан Прошев, користејќи го искуство од стручно-уметничките активности, успешно ја развива и надградува својата уметничката кариера, работејќи со македонскиот оперски ансамбл, реномирани вокални уметници, диригенти, кореографи, костимографи, како од земјава така и од странство.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

21. Член на жири на Меѓународниот натпревар за оперски пејачи „Marcella Pobbe" во Виченца, Италија, 2014 г.
22. Член на жири на Меѓународниот натпревар за оперски пејачи „Don Salvatore Pappagallo" во Молфета, Италија, 2012 г.
23. В.д. директор на Македонската опера и балет, 2014-2015 г.
24. Директор на Македонската опера и балет, 2010-2014 г.
25. Уметнички директор на Операта на МОБ, 2008-2010 г.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и врз основа на Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Универзитетски гласник бр. 31 од 16.5.2014 год.), како и по деталното разгледување на комплетната доставена документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот м-р Дејан Прошев го има остварено минимумот поени кои се однесуваат на наставно-образовната дејност, научноистражувачката дејност и стручно-апликативната и организациско-развојна дејност или вкупен минимум од 75 поени. Кандидатот го надминува вкупниот предвиден квантум на поени за избор во звањето насловен доцент (НО+НИ+САОР = 77+20=97) и од целокупната актива остварил поени.

При анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна и организациска дејност на кандидатот може да се констатира дека м-р Дејан Прошев остварува континуиран развој и постигнува значајни резултати во наведената дејност.

Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот совет да го усвои нашиот предлог и го избере кандидатот м-р Дејан Прошев во звање насловен доцент за наставно- научната и уметничка област *оперско студио и сценски движења* на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Борис Трајанов, редовен професор, претседател, с.р.**
**М-р Славица Петровска-Галиќ, вонреден професор, член, с.р.**
**Д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, вонреден професор, член, с.р**

**Т А Б Е Л А**

## НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба (во земјава р.бр.10,11,12 во стр. р.бр.2,3,4,5,6,8,9,13) | 3 | 3 | 8 | 6 | 57 |
| 7 | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (р.бр.1, 7) | 2 | 2 | | | 4 |
| 8 | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт (р.бр. 14) | 1 | 2 | | | 2 |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство (р.бр.15, 16 /во стр. р.бр.17,18) | 2 | 1 | 2 | 2 | 6 |
| 11 | Одбранет магистерски труд | | | 1 | 4 | 4 |
| 19 | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал (р.бр.21, 22) | | | 2 | 2 | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **77** |
| Р. бр. | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 22 | Претседател на универзитетски или владини тела (уметнички директот МО/ директор на МОБ) (р.бр.24, 25) | 2 | 10 | | | 20 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **20** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **97** |